УДК 39:611 (049.3)

316.722:611 (049.3)

## Јакимовска, Илина. 2009. *Телото: етнолошко - антрополошка студија*. Скопје: Слово. ISBN 978-9989-103-76-6

Исправен пред предизвикот да срочам краток приказ за *Телото: етнолошко-антрополошка студија*, дело отелотворено како последица на докторската дисертација на Илина Јакимовска, вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, би можел да започнам обзнанувајќи дека јас и ова четиво веќе се имаме сретнато, еднаш претходно, и дека за нас ова беше втора средба. Причината поради која сметав дека нашата прва средба би била вредна за спомнување (со оглед на тоа што книгата во таа прилика ме одмина со затворени корици, станувајќи подарок за љубениот на мојата придружничка) лежи токму во инстант привлечноста, која како ефект ги ловеше минувачите покрај рафтот. Ветувањето за студиозен влез во нешто што без исклучок го носиме како предзнак, како ограничување и овозможување, со брзина на светлината го квалификува овој текст за секоја приватна колекција што сака да сведочи за љубопитен сопственик.

Уште во воведните неколку страници, кои го заокружуваат првиот содржински фрагмент, авторката отворено ни ги претставува распаќата со кои се соочува впуштајќи се во авантурата. „Дали мотивацијата да се пишува во академска форма за нешто што всушност длабоко емоционално и животно нѐ засега е погрешниот, или напротив, во некои случаи *единствениот* можен избор?“ Приложувајќи ги транспарентно двата главни столба на кои се потпира трудот, и кои паралелно течат и меѓусебно се надополнуваат (акумулираното теориско знаење за телото и телесното, како и доживеаното, преживеаното и разменетото животно искуство), создава јасна претстава за понатамошната структура на излагањето. Зборувајќи и за двете т.н. методолошки насилства, кои студијата мора да ги претрпи со цел ограничување на инаку широкото поле што го опфаќа телото и телесното во етнологијата и антропологијата, како и поради овозможување задоволителен степен на аналитичност – Јакимовска прави обид за освестување во однос на опасностите во кои може да западне научноистражувачкиот скалпел.

Во второто поглавје, кое носи наслов „Позадина на проучувањето на телото во општествените науки и релевантни современи теории“, направен е обид хронолошки да се изложат теориските концепти својствени за западната културна мисла, а се однесуваат на телото. Авторката забележува дека интересот за телото и телесното во западната философија секогаш доаѓа во склоп со една воопштена анализа на идејата за човекот. Овде таа ја потенцира дуалноста во сфаќањата околу природата на човекот и исклучивоста помеѓу концептите за *телесно битие* и *differentia specifica*. Во прилично опфатниот продор, тргнувајќи од Аристотел и особено значајните стојалишта на Платон, значајна пресвртница претставува Декартовата парадигма поставена на подвоеноста помеѓу res cogitans и res extensa, односно спорот во толкувањата околу тоа дали тој врши хиерархизација давајќи предност на мислечката супстанција.

Во следниот дел „Телото како конструкт: номинирање на телесноста во македонската народна култура“ на дело ја имаме веќе претходно најавената категоризација базирана врз принципот на спротивноста. Избегнувајќи ја редукционистичката природа, која се наметнува уште од поставеноста на четирите поднаслови (Машкото наспроти женското тело (номинирање на родовоста), Младото наспроти старото тело (номинирање според возраста), Здравото наспроти болното тело, Убавото наспроти грдото (анализа на критериумот за ’убаво‘ во народната култура)), Јакимовска се служи со обемен материјал прибран како резултат од теренски истражувања. „Идеалниот ред не трпи исклучоци, но животот е преполн со нив – тој е реален, а не идеален“. Ова не само што го трга сувиот обрач околу потенцијално апстрактното теоретизирање на темата туку дава и на „шаренило“ што овозможува *Телото: етнолошко-антрополошка студија* да биде достапна за читатели што фокусот на својот интерес го одределе понастрана од етнологијата и антропологијата.

Во претпоследниот содржински сегмент, фокусот е поставен на „Казни во македонската народна култура“. Овде повторно се тргнува од самиот концепт на казнувањето, етимологијата на зборот во словенските, но и во други јазици, импликациите од одредени изведби што нè насочуваат во неколку правци (природа на болката, концептот за надомест и сфаќањето за прочистување, „пурификација“). Како клучна за расправа во конкретната област, авторката ја поставува тезата на Фуко за „промената на казнената парадигма во Европа“, обидувајќи се да ја искористи како образец за споредба со законодавните промени во балкански контекст и со казните според македонското обичајно право.

Во заклучокот, авторката нè потсетува на неколкуте основни мотиви што би биле движечка сила за создавање на студија од ваков тип. *Телото: етнолошко-антрополошка студија* како свој примарен квалитет ја има тенденцијата за пополнување на празнината во третирањето на телото во македонската етнологија и антропологија. Занимавањето со оваа тема, делумно поради својствената опширност, авторката го означува како недоволно исцрпено ниту во светски рамки. Освен тоа, делото е актуелно и во контекст на некаква глобална тенденција да се воспостави „теориска врска помеѓу биофизичката и социокултурната телесност“. Затоа сметам дека секој што е подготвен да го разгледува телото како социокултурен конструкт, предодреден од биофизичката лотарија, за начинот на кој е изведена оваа студија – на крајот би можел само долго да ракоплеска.

**Дарко Поповски (Македонија)**